**Здружение за Заштита на Животни и Животна Средина Шепасти Ентузијасти Скопје**

Даночен број: 4057019547074
Контакт: contact@pawesomenthusiasts.org

## Предмет: Извештај за настанот шеPAWлогија 2019 година

Почитувани,

Ние сме една нова екипа на љубители на животни кои сакаат да внесат малку свежина во активизмот и да ги доближат што е можно поскоро животинките до човечкиот род. Имаме ентузијазам и одлични идеи кои навистина би можеле да придонесат во промената на ставот кон оние помалку силните од нас, ососбено во урбаните средини.

Нашето име е Шепасти Ентузијасти.

Сакајќи да ја претставиме нашата идеологија и да покажеме еден поинаков пристап во изразувањето на љубовта кон Шепастите овој пат го организиравме настанот шеPAWлогија vol. 1, на 13ти Октомври, 2019 година (Недела). Во рамки на истиот се оддржа првата “Парада за Заштита на Животните” која подоцна премина во фестивал за заштита на животните и околината. Со овие настани означивме почеток на нова етапа во активизмот. Покажавме дека животната средина, животните и секако, ние луѓето – е потребно да живееме во меѓусебна кохезија и кохабитација, и дека всушност сме населеници на истата планета и комплексен екосистем во кој е неопходно да се грижиме еден за друг.

Настанот беше со позитивна нота и имаше за цел да не мотивира сите нас и да покрене свест за нашето однесување кон сите живи битија како и околината во која живееме.

Настанот беше од хуманитарен карактер и сите собрани средства беа искористени за помош на бездомните животни. Имено, нашето здужение моментално брои 50 животни во наша грижа, а голем дел од нив се во тешка здравствена состојба, а за истите е потребна ветеринарна помош, сместување, лекување, храна, кои се од значајни финансиски суми, а за жал моментално немаме никакви месечни приходи за покривање на истите.

Во рамки на овој документ се наоѓа накратко содржината на настанот, трошоците за истиот, собраните и искористените средства, како и фотографии на некои од нашите штитеници и фотографии од самиот настан.

## Содржина на настанот

### Парада

Првиот дел од настанот ја обележа дво-часовната парада со повеќе учесници кога се оддржа парадирање/марширање низ градот со меѓусебна координација, воедно: Предниот дел со моторџиите на *Моторџискиот Клуб Ноќни Волци МК*, вториот ред возило со музика, третиот ред танчери од *Beatrix Crew* кои на 2 постојки пренесоа порака со свој перформанс, односно на Рекорд и на крстосницата кај Владата на РСМ. Позади овие артисти следеа група тапанари *Skopje Drumline* кои го имплицираа звукот на маршот и музиката, а веднаш позади сите учесници следеше поворката на активисти и граѓани.

### Фестивал

Фестивалот се состоеше од 6 часовна музичка програма, спикери, модна ревија од дечиња, тезги со пијалоци и храна и тоа:

- Музичката програма имаше за цел да ја расположи разноликата публика, а настапуваа: *DJ Charley, Minstrel's Gallery, BandiX, South Park, C2 Brothers.*
- Модната ревија/дефиле со дечињата од *Агенцијата Models In* со штосни слогани, покажа дека и најмладите се грижат за крзнените животинки;
- Настанот беше воден од добропознатиот залагач за животните, природата и секако за луѓето, *Ване Маркоски,* кој го предводеше одлично сугерирајќи неколку добри точки коегзистенција во овој комплексен екосистем;
- Се оддржа и кратка презентација од креаторите на апликацијата МојВоздух, за нивната нова апликација – *МојМиленик* која има за цел полесно пронаоѓање на изгубени миленици;
- Изложбата на фотографии од нашите штитеници беше со цел да се прикажат оние за кои се грижиме, да се раскаже нивната приказна, како и да се објаснат процедурите и обврските на потенцијални заинтересирани вдомувачи;
- Базарот се состоеше од најразни оригинални печатени материјали кои се продаваа со цел собирање на донации, меѓу кои: Маички, Марами за кучиња, Маус падови, Подметачи, Стикери, Накит, Книги и сл;
- Угостителските тезги се состоеа од: *Ресторан Фрешис, Пивара Темов, Крем Кафе, Пет Шоп Киоск;*
- На настанот исто беа присутни и Нула отпад за собирање на електронски отпад за време на истиот .

**Здружение за заштита на животни и животна средина Шепасти Ентузијасти Скопје**
Адреса: Иван Аговски 9/3-20, 1000, Скопје, Македонија
Контакт телефони:
Анастасија: +38971297856;
Наталија: +38975444459;
Максим: +38971297857
Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org

## Трошоци

Земена во предвид природата на настанот и неговиот хуманитарен карактер, сите учесници настапија и учествуваа на доброволна база, со тоа покажувајќи ја нивната хуманост. Целиот настан не чинеше 76.623 денари и тоа средства беа потребни за неопходните елементи на успешна и беспрекорна организација за истиот, а ставките се следниве:

- Такса за Паркови и зеленило – 0 денари (донација)
- Струја за оддржување на настан – 0 денари (донација)
- Такса кон Град Скопје за оддржување на настан – 3500 денари
- Озвучување и осветлување – 24.159 денари
- Шиење марами – 0 денари (донација)
- Принтан материјал (марами) – 0 денари (донација)
- Принтан материјал (маички) – 17.940 денари
- Принтан материјал (подметачи, маус падови, стикери, акредитации, флаери, постери) – 26.024 денари
- Принтан материјал (фотографии за изложба) – 2000 денари
- Останати додатоци (материјал за марами, конопи, штипки, сокови и води за освежување на учесниците и сл.) – 3000 денари

**Вкупно 76.623 денари**

***Средствата потребни за целосната изведба на настанот изнесуваа 76.623 денари.***

## Собрани средства

Благодарение на нашите хумани донатори, речиси сите собрани средства за изведба на настанот беа собрани од покровители на истиот и тоа:

- Celestia Solutions – 32.000 денари
- Шпаркасе Банка – 30.000 денари
- DoX Team – 6.000 денари
- Ресторан Markt – 6.000 денари
- Nameless Tattoo Studio – 3.000 денари

***Средствата собрани за целосната изведба на настанот изнесуваа 77.000 денари.***

Благодарение на покровителите на настанот, средствата собрани за време на настанот од продажните материјали беа чисти донации и изнесуваа 63.000 денари, а истите беа искористени за покривање на дел од ветеринарни трошоци од лекувањата на бездомните животни.

**Здружение за заштита на животни и животна средина Шепасти Ентузијасти Скопје**
Адреса: Иван Аговски 9/3-20, 1000, Скопје, Македонија
Контакт телефони:
Анастасија: +38971297856;
Наталија: +38975444459;
Максим: +38971297857
Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org

# Фотографии

## Фотографии од настанот

Подолу има неколку фотографии од настанот за доловување на атмосферата од истиот.




**Слика 1 – Постер за настанот**



**Слика 2 – Парада, моторџии**



**Слика 3 – Парада, поворка на граѓани и кучиња**



**Слика 4 – Парада, Тапанари - *Skopje Drumline***

**Здружение за заштита на животни и животна средина Шепасти Ентузијасти Скопје**
Адреса: Иван Аговски 9/3-20, 1000, Скопје, Македонија
Контакт телефони:
Анастасија: +38971297856;
Наталија: +38975444459;
Максим: +38971297857
Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org



**Слика 5 – Парада, поворка на граѓани, куче**

**Здружение за заштита на животни и животна средина Шепасти Ентузијасти Скопје**
Адреса: Иван Аговски 9/3-20, 1000, Скопје, Македонија
Контакт телефони:
Анастасија: +38971297856;
Наталија: +38975444459;
Максим: +38971297857
Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org



**Слика 6 – Парада, Танчери – *Beatrix Crew***



**Слика 7 – Парада, Танчери – *Beatrix Crew***

**Здружение за заштита на животни и животна средина Шепасти Ентузијасти Скопје**
Адреса: Иван Аговски 9/3-20, 1000, Скопје, Македонија
Контакт телефони:
Анастасија: +38971297856;
Наталија: +38975444459;
Максим: +38971297857
Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org



**Слика 8 – Фестивал, Ревија/Дефиле – *Models IN***

**Здружение за заштита на животни и животна средина Шепасти Ентузијасти Скопје**
Адреса: Иван Аговски 9/3-20, 1000, Скопје, Македонија
Контакт телефони:
Анастасија: +38971297856;
Наталија: +38975444459;
Максим: +38971297857
Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org



**Слика 9 – Фестивал – Шепасти Ентузијасти обраќање - *Организатори***

**Здружение за заштита на животни и животна средина Шепасти Ентузијасти Скопје**
Адреса: Иван Аговски 9/3-20, 1000, Скопје, Македонија
Контакт телефони:
Анастасија: +38971297856;
Наталија: +38975444459;
Максим: +38971297857
Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org

## Фотографии од животните во наша грижа

Во рамки на овој дел ќе споменеме неколку од животинките кои имале успешна и среќна приказна и кои се вдомени, како и неколку кои биле во критична здравствена состојба и нивниот прогрес по одреден временски период од добра терапија. Нашата цел е вдомување на сите бездомни животинки во убави и среќни домови и празнење на улиците со прекинување на нивното размножување и згрижување.




**Слика 10 – Вдомени**
Клара, парализирана во задните ноџиња, среќно вдомена во Англија

**Здружение за заштита на животни и животна средина Шепасти Ентузијасти Скопје**
Адреса: Иван Аговски 9/3-20, 1000, Скопје, Македонија
Контакт телефони:
Анастасија: +38971297856;
Наталија: +38975444459;
Максим: +38971297857
Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org




**Слика 11 – Вдомени**

Спартак, земен од Вардариште пред еутаназија, излечен од Срцев црв, среќно вдомен во Скопје




**Слика 12 – Вдомени**

Коки/Киану – преживеан удар, парвовироза и среќно вдомен во Скопје

**Здружение за заштита на животни и животна средина Шепасти Ентузијасти Скопје**
Адреса: Иван Аговски 9/3-20, 1000, Скопје, Македонија
Контакт телефони:
Анастасија: +38971297856;
Наталија: +38975444459;
Максим: +38971297857
Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org




**Слика 13 – Терапирани**
Луција – Демодекс, ерлихија, анемија - Трансформација




**Слика 14 – Терапирани**
Бели – Демодекс - Трансформација

# Останати линкови

**Бидејќи нашата приказна е долга и нашата борба не е само една битка, останува да се бориме за оние помалку силните од нас. Им благодариме на сите учесници на претходниот настан и се надеваме на успешна шеPAWлогија vol. 2 во 2020та година.**

Линк кон кратко видео од настанот: https://www.youtube.com/watch?v=lUb2RzWQ0rc

Линк кон вебсајтот кој е моментално во изработка: https://pawesomenthusiasts.org/

Линк кон Патреон за месечни донации: https://www.patreon.com/pawSomeEnthusiasts

Линк кон нашиот Фејзбук профил: https://facebook.com/pawsomefurryfriends/

Линк кон нашиот Инстаграм профил: https://www.instagram.com/pawsome_enthusiasts/

Линк кон нашиот Твитер профил: https://twitter.com/pawsomefriendse

Доколку Ви се потребни дополнителни информации и/или имате останати сугестии, слободно контактирајте нè на Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org

*Општествената одговорност е неопходна обврска на сите нас, зарем не?*

Со почит,
Шепасти Ентузијасти

**Здружение за заштита на животни и животна средина Шепасти Ентузијасти Скопје**
Адреса: Иван Аговски 9/3-20, 1000, Скопје, Македонија
Контакт телефони:
Анастасија: +38971297856;
Наталија: +38975444459;
Максим: +38971297857
Е-маил: contact@pawesomenthusiasts.org